01-1317/1

30.12.2019

Врз основа на член 35 став 1 алинеа 1 од Законот за студентскиот стандард (Сл.Весник на РМ бр.15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018 и 20/2019 и Сл.Весник на РСМ бр.124/2019) во врска со член 41 од Статутот на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје, Управниот одбор на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје, на шестнаесетата седница во 2019 година, одржана на ден 30.12.2019 година, го донесе следниот:

# СТАТУТ
## НА ДРЖАВЕН СТУДЕНТСКИ ДОМ „С К О П Ј Е" - С к о п ј е

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

(1) Со овој Статут на Државниот студентски дом „Скопје"- Скопје (во понатамошен текст: Домот) се уредува називот и седиштето, дејноста, внатрешната организација, управувањето и раководењето, финансирањето, одбраната, јавноста во работењето и други прашања.

**Член 2**

(1) Домот има својство на правно лице и е запишан во Централен регистар на Република Северна Македонија.

(2) Домот е организиран како јавна установа и дејноста што ја врши е од јавен интерес за остварување на интересите и потребите за престој на студентите кои студираат надвор од местото на живеење.

(3) Домот како установа од јавен интерес им обезбедува на студентите сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и други активности.

**Член 3**

(1) Името на Домот е: Државен студентски дом „Скопје"- Скопје.

(2) Скратен назив е: ДСД „Скопје" - Скопје.

(3) Седиштето на Домот е во Скопје, со адреса на Бул.Митрополит Теодосиј Гологанов Бр.26-б, Центар.

**Член 4**

(1) Домот е правен следбеник на студентскиот дом кој е основан со Решение бр.1275/52 од 01.12.1952 година од страна на Владата на Република Македонија.

**Член 5**

(1) Домот има печат и штембил.

(2) Печатот има облик на круг во средината е грбот на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концентричен круг е испишано: Република Северна Македонија, а во вториот коцентричен круг е испишано името (називот) и седиштето на Домот, сето испишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и неговото писмо.

(3) Штембилот има форма на правоаголник, го содржи името Република Северна Македонија, називот Државен студентски дом „Скопје" - Скопје и неговото седиште, испишани хоризонтално едно под друго на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и неговото писмо, а под нив се остава празен простор за впишување на број на актот, на други писмена и на датумот на неговото издавање.

(4) Употребата и чувањето на печатот и штембилот се врши од овластени лица од Директорот на домот, на начин утврден со посебен акт.

**Член 6**

(1) Домот има Статут.

(2) Согласност на статутот на Домот дава Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: Министерството).

## II. ДЕЈНОСТ

**Член 7**

(1) Основна дејност на Домот е обезбедување на сместување, исхрана, грижа за здравјето, културно-забавни, спортско-рекреативни и друга активност на студентите кои студираат надвор од местото на живеење.

(2) Шифра на дејност на Домот е 55.90 - друг вид сместување (домови за студенти);

(3) Други дејности на Домот се:

- 10.71 производство на леб, печива и слатки во свежа состојба;
- 56.10 ресторани и гостилници (без соби за сместување);
- 56.10 услуги на други угостителски објекти;
- 93.29 останати забавни и рекреативни дејности, неспомнати на друго место.

**Член 8**

(1) Ако во Домот останат непополнети места, истите можат да се пополнат со студенти кои не ги исполнуваат условите согласно Конкурсот за прием на студенти во државните студентски домови.

(2) Студентите од став (1) на овој член плаќаат полна економска цена за сместување и исхрана.

(3) Доколку во Домот останат слободни места може да се пополнат со редовни ученици од средните училишта согласно Законот за ученичкиот стандард.

## III. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 9**

(1) Внатрешната организациска поставеност на Домот е групирана на:

1) Административни службеници со следните одделенија:

- Одделение за општи и правни работи;
- Одделение за човечки ресурси;
- Одделение за јавни набавки;
- Одделение за финансиско, сметководствено и материјално работење;
- Одделение за сместување;

– Одделение за помошно-технички работи и
– Одделение за исхрана.

2) Помошно-технички лица со следните одделенија:

– Одделение за општи и правни работи;
– Одделение за сместување;
– Одделение за помошно-технички работи и
– Одделение за исхрана.

**Член 10**

(1) Домот во својот состав има четири посебни организациони единици, на територијата на град Скопје, и тоа:

- Студентски дом „Кузман Јосифовски Питу" – Скопје;
- Студентски дом „Гоце Делчев"- Скопје;
- Студентски дом „Невена Ѓорѓиева Дуња"- Скопје и
- Студентска населба „Стив Наумов"- Скопје.

**Член 11**

(1) Со секоја од посебните организациони единици од членот 10 на овој Статут, раководи управник како одговорно лице, кое е именувано од страна на Директорот на Домот, и тоа:

- еден управник на Студенски дом „Кузман Јосифивски - Питу" - Скопје;
- четири управници на Студентски дом „Гоце Делчев" - Скопје;
- еден управник на Студентски дом „Невена Ѓорѓиева Дуња" - Скопје и
- тројца управници на Студентска населба „Стив Наумов" - Скопје.

**Член 12**

(1) Внатрешната организација на Домот се уредува со посебен акт за организација.

**Член 13**

(1) Дејноста во Домот се извршува во три смени за што одлука донесува Директорот на Домот.

(2) Распоредот на работното време на работниците во рамките на 40 часовната работна недела во Домот, се утврдува со акт на Директорот во согласност со Закон и Колективен договор.

(3) Дневниот и годишниот одмор на работниците се уредува со акт на Директорот во согласност со Закон и Колективен договор.

## IV. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

**Член 14**

(1) Работата на Домот во текот на студиската година се утврдува со годишна програма.

(2) Годишната програма за работа на Домот ја донесува Управниот одбор на Домот на предлог на Директорот на Домот, најдоцна до 1 ноември во тековната година.

## V. СТУДЕНТИ

### Член 15

(1) Статус на студент - станар во Домот се стекнува со прием во Домот, по претходно запишување на некој од факултетите.

(2) Запишување и прием во Домот се врши по пат на Конкурс кој го објавува Министерството преку средствата за јавно информирање најдоцна до 15 јули.

(3) Условите и критериумите за прием на студентите поблиску се определени и уредени со Законот за студентскиот стандард и истите се наведуваат во Конкурсот.

(4) Секој студент - станар на Домот е одговорен за причинетата штета на имотот на Домот согласно Законот за облигациони односи и Статутот на Домот.

### Член 16

(1) Директорот на Домот од редот на вработените во Домот, определува лице/лица одговорни за сместување на примените студенти – Раководител/и за сместување.

(2) Домот со примените студенти склучува Договор за користење на услугите.

(3) Со Договорот за користење на услугите се уредуваат меѓусебните права, обврски и одговорности на студентите и на Домот.

### Член 17

(1) При користењето на услугите во Домот, студентот е должен да се придржува на Куќниот ред што го донесува Управниот одбор.

(2) На студентите кои не се придржуваат на утврдениот Куќен ред може да им се изрече воспитна мерка и тоа:

- Писмена опомена;
- Опомена пред отстранување и
- Забрана за користење на услугите во Домот.

### Член 18

(1) Воспитните мерки, писмена опомена и опомена пред отстранување, се изрекуваат за полесни повреди на куќниот ред на Домот.

(2) Полесна повреда на куќниот ред на Домот е:

- недолично и неодговорно однесување кон другите студенти и вработени во Домот;
- неодговорно однесување кон имотот и инвентарот на Домот со што се предизвикува помала материјална штета;
- непочитување на забраната за пушење во Домот;
- непристојно однесување во ресторанот на Домот;
- неодржување на хигиената во собата и заедничките простории во Домот и
- пуштање на гласна музика.

### Член 19

(1) Забрана за користење на услугите во Домот може да се изрече само за потешки повреди на куќниот ред на Домот.

(2) Потешка повреда на куќниот ред на Домот е:

- ненавремено пријавување на дефекти на уредите кои би предизвикале материјална штета;

- внесување и употреба на алкохол или наркотични средства;
- непридржување на прописите за заштита од болест, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и повреда на прописите за заштита на животната средина;
- навредливо или насилничко однесување;
- неодговорно однесување кон имотот и инвентарот на Домот со што се предизвикува поголема материјална штета;
- ненамирени трошоци за сместување во Домот повеќе од три месеци;
- предизвикување на национална или расна нетрпеливост;
- непреземање или делумно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверениот инвентар;
- спречување на вршење на контрола во собата од овластено лице во Домот;
- отстапување на користење на собата на друго лице со стекнување на материјална корист и
- повторување на полесни повреди на куќниот ред.

(3) Забраната на користење услуги во Домот може да се изрече во траење до една година.

### Член 20

(1) Против изречената воспитна мерка студентот има право на Приговор до Управниот одбор на Домот, во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на Одлуката.

(2) Управниот одбор може воспитната мерка да ја потврди, измени или укине.

(3) Одлуката по Приговорот е конечна.

### Член 21

(1) Студентите кои не се придржуваат на куќниот ред и/или ќе направат штета на Домот, покрај изречената воспитна мерка ја надоместуваат и направената штета согласно Одлуката за утврдување на ценовник за исплата на направената штета, донесена од страна на Управниот одбор на Домот.

(2) Изречената мерка се забележува во соодветната документација на студентот.

### Член 22

(1) Доколку сместениот студент нема да изврши навремено плаќање на партиципацијата за сместување и исхрана, Домот има за право долгот да го наплати по судски пат.

### Член 23

(1) Воспитните мерки ги изрекува дисциплинска комисија формирана од Директорот на Домот, по поднесена пријава од страна на Управникот на секоја од посебните организациони единици на Домот.

(2) Дисциплинската комисија е составена од пет членови и тоа: четири членови од редот на вработените во Домот и еден член е од Советот на станарите на Домот.

(3) Мандатот на членовите на комисијата е една година.

### Член 24

(1) Статусот на студент корисник на услугите во Домот престанува ако:

- го заврши факултетот;
- не се пријави во роковите што се определени со конкурсот;
- се исели;
- не го почитува куќниот ред;
- се изрече мерка забрана на користење на услугите во Домот;
- е на издржување казна затвор повеќе од три месеци;
- во случај на нарушена здравствена состојба на студентот, заради болничко лекување, со приложена соодветна медицинска документација;
- во случај на патување на студентот во странство со приложена документација;
- ја повторил годината два и повеќе пати во текот на студирањето и
- во други случаи утврдени со Закон.

## VI. ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА

### Член 25

(1) Во Домот за примените студенти се води документација и евиденција.

(2) Документација во Домот е главната книга каде што се води евиденција за примените студенти.

(3) Евиденција во Домот е досието што се води за секој примен студент.

(4) Главната книга на примените студенти е документ од трајна вредност.

(5) Главната книга во Домот се води и издава на македонски јазик со употреба на кирилското писмо.

(6) За студентите од припадниците на заедниците кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, досието се води и издава на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија и во единиците на локалната самоуправа.

## VII. ЦЕНА ЗА ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ДОМОТ

### Член 26

(1) Цената за сместување и исхрана во Домот се утврдува врз основа на реалните трошоци согласно со нормативи и стандарди за овој вид услуги.

(2) Министерството, за студентите кои се сместени во Домот партиципира во цената за сместување и исхрана до 50% од утврдената цена согласно со ставот (1) на овој член, а разликата до вкупната цена ја доплаќа студентот.

(3) Министерството, за студентите кои се сместени во Државен студентски дом деца без родители и родителска грижа, деца со посебни потреби, деца на невработени родители, деца на самохрани родители, деца на корисници на социјална парична помош и постојана парична помош и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работниот однос од деловни причини, целосно ја плаќа цената за сместување и исхрана од ставот (1) на овој член, освен за деца на самохрани родители, деца на невработени родители и деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работниот однос од деловни причини за кои вкупните приходи во семејството се над минималната плата утврдена во Република Северна Македонија.

**Член 27**

(1) Висината на цената за сместување и исхрана во домовите се утврдува со програмата за остварување и развој на дејноста студентски стандард.

## VIII. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

**Член 28**

(1) Орган на управување во Домот е Управниот одбор.

(2) Управниот одбор е составен од седум члена, и тоа:

- тројца претставници од основачот;
- двајца од редот на вработените;
- еден претставник од редот на студентите, станари во Домот и
- еден претставник од Универзитет „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" –Скопје,

а врз принципите на стручност и компетентност.

**Член 29**

(1) Претставниците на основачот ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

(2) Претставниците на основачот не можат да бидат именувани од редот на вработените во Домот.

**Член 30**

(1) Директорот на Домот, од редот на вработените, формира Комисија за именување и разрешување на членови на Управен одбор кои се бираат од редот на вработените во Домот.

(2) Комисијата од став 1 на овој член е составена од три члена и нивни заменици.

(3) Комисијата ќе го врши именувањето и разрешувањето на членови на Управен одбор од редот на вработените, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Комисијата преку тајно гласање.

(4) При именувањето на членовите на Управен одбор од редот на вработените, Комисијата задолжително ќе ги почитува принципите на стручност и компетентност.

**Член 31**

(1) Претставникот од редот на студентите, станари во Домот го именува и разрешува Советот на станари во Домот со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот, преку тајно гласање.

**Член 32**

(2) Претставникот на Универзитет „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – Скопје, се избира и разрешува на начин утврден со Статутот на универзитетот."

**Член 33**

(1) Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години, со право на уште еден избор.

### Член 34

(1) Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува од неговото конституирање.

(2) Конститутивната седница на Управниот одбор ја свикува и со неа раководи до изборот на нов претседател, најстариот член на Управниот одбор.

(3) Управниот одбор избира претседател и заменик претседател, постојани или привремени комисии.

### Член 35

(1) Мандатот на членовите на Управниот одбор може да престане и пред истекот на времето од четири години и тоа:

- по негово барање;
- со отповикување или
- ако му престане статусот вработен во иституцијата од каде е именуван, односно статусот студент.

### Член 36

(1) Отповикување на член на Управен одбор врши органот што го именувал.

(2) Членот на Управниот одбор може да биде отповикан ако:

- неоправдано отсуствувал на три седници;
- е на издржување на казна затвор подолга од 6 месеци;
- е осуден за кривично дело кое го прави недостоен за вршење на својата функција и
- ако работи против интересите на Домот и работата на службите.

### Член 37

(1) За работите од својата надлежност, Управниот одбор донесува одлуки, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.

### Член 38

(1) Седниците на управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот, а во негово отсуство заменик претседателот.

(2) Управниот одбор се свикува по иницијатива на претседателот, по предлог на Директорот, или по предлог на една третина од членовите на Управниот одбор и по барање на надлежен орган.

### Член 39

(1) Изборите за членови на Управниот одбор ги распишува Управниот одбор на Домот, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на членовите.

### Член 40

(1) Управниот одбор во Домот:

- донесува Статут;
- донесува годишна програма за работа и ја доставува до Министерството најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година;

- донесува извештај за работата во претходната година и го доставува до Министерството до 31 Јануари во тековната година;
- донесува годишен финансиски план и го доставува до Министерството до 30 ноември во тековната година за наредната година;
- донесува завршна сметка и ја доставува до Министерството;
- објавува јавен оглас за избор на директор;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага кандидат за директор од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за именување на директор;
- предлага цена за сместување и исхрана;
- одлучува по приговори и жалби на вработените во Домот;
- одлучува по приговори и жалби на студенти;
- и врши и други работи утврдени со закон и овој Статут.

**Член 41**

(1) За работата на седниците на Управниот одбор се води Записник, кој ги содржи основните податоци и тоа: реден број на седница, назив на органот кој ја одржува, датум, место, време на одржување, број на присутни, отсутни, куса содржина на дискусии, донесени одлуки, заклучоци, мнозинство со кое се донесени, потпис на претседавачот и записничарот.

(2) Записникот се заверува во деловодната книга на Домот.

(3) Работата на Управниот одбор, поблиску се уредува со Деловник за работа.

**Член 42**

(1) Орган на раководење во Домот е Директор, кој се избира на начин и постапка согласно Законот.

(2) Директорот на Домот ја организира и раководи работата, самостојно донесува одлуки, го застапува Домот пред трети лица и е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на Домот.

(3) Директорот носи одлуки, решенија и други акти при вршењето на работите од своја надлежност, согласно Закон.

**Член 43**

(1) Директорот го застапува Домот пред трети лица, без ограничувања на овластувањата.

(2) Во случај на отсуство на Директорот, Домот го застапува лице кое тој ќе го определи.

(3) Директорот во рамките на своите надлежности може да овласти друго лице за превземање на определени правни и други дејствија.

**Член 44**

(1) За Директор на Домот може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на избирањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
4) има минимум пет години работно искуство;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
   - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

**Член 45**

(1) Мандатот на Директорот на Домот трае четири години со право на повторен избор.

**Член 46**

(1) Работата на Директорот ја оценува Министерот за образование и наука, (во натамошниот текст: Министерот) врз основа на претходно доставено мислење од Управниот одбор и извештајот за реализација на годишната програма и материјално - финансиско работење на Домот.

**Член 47**

(1) Директорот на Домот ја организира и раководи со работата на Домот, самостојно донесува одлуки од делокругот на неговата работа утврдена со закон и актите на Домот и го застапува пред трети лица.

**Член 48**

(1) Во остварувањето на обврските и раководењето на Домот, Директорот:

- предлага годишна програма за работа и презема мерки за нејзино спроведување;
- извршува одлуки на Управниот одбор;
- врши исплаќање на средства согласно со годишниот финансиски план на Студентскиот дом;
- врши избор на вработени;
- врши сместување на примени студенти;
- предлага до Министерството број на студенти кои треба да престојуваат во следната студиска година;
- одлучува за распоредување на вработените;
- одлучува за престанок на работниот однос на вработените;
- поднесува извештај за реализација на годишната програма и за материјално-финансиското работење на установата до Управниот одбор и до Министерството и
- врши и други работи предвидени со Закон и други подзаконски акти на Дом.

**Член 49**

(1) Управниот одбор на Домот, три месеци пред истекот на мандатот на постојниот Директор, донесува одлука за распишување на јавен оглас за избор на Директор.

**Член 50**

(1) Во објавениот оглас во јавните гласила се содржани условите кои треба да ги исполнува кандидатот за Директор, потребната документација, времето на траење на јавниот оглас и рокот во кој ќе се изврши изборот.

**Член 51**

(1) Пријавените кандидати ги доставуваат потребните документи согласно со огласот до Управниот одбор.

(2) Пристигнатите документи ги прегледува тричлена комисија од редот на членовите на Управниот одбор која работи согласно со Статутот на Домот.

(3) Комисијата е должна во рок од пет дена по завршување на огласот да ги разгледа пристигнатите документи.

(4) На кандидатите кои не ги исполнуваат условите предвидени во огласот им се враќаат документите со образложение.

**Член 52**

(1) Управниот одбор може да побара дополнителни документи од кандидатите кои ги исполнуваат условите, согласно со одредбите на Статутот на Домот.

(2) Членовите на Управниот одбор вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите за Директор.

**Член 53**

(1) Управниот одбор на Домот во рок од седум дена од извршениот разговор со кандидатите му предлага на Министерот кандидат за избор на Директор.

**Член 54**

(1) Министерот во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот за кандидат за Директор, врши избор на Директор на Домот.

**Член 55**

(1) Кандидатите кои не се избрани, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката за избор, имаат право на жалба по однос на спроведувањето на постапката за избор на Директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(2) Против одлуката на Комисијата, кандидатот има право да поведе управен спор пред надлежниот суд.

**Член 56**

(1) На Директорот на Домот му престанува мандатот ако:

- сам тоа го побара;
- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста Директор и
- со навршување на 64 години старост.

**Член 57**

(1) Директорот на Домот се разрешува пред истекот на мандатот ако:

- е направена повреда при извршување на закони, други прописи и општи акти, утврдени од страна на Државен просветен инспекторат;
- не ја остварува програмата за работа на Домот;
- по негова вина е нанесена штета на Домот или на студентите и на Републиката;
- дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со програмата за работа;
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на Домот и
- во други случаи утврдени со Закон.

**Член 58**

(1) На Директорот на Домот може да му престане мандатот на начин и постапка согласно Закон.

## IX. РАБОТНИЦИ

**Член 59**

(1) Во Студентските домови работните места на вработените се групираат:

- административни службеници и
- помошно-технички лица.

(2) Засновањето на работен однос, начинот и постапката за избор се врши во согласност со Закон и Колективен договор.

(3) Категориите и нивоата на работните места на административнте службеници и подгрупите, категориите и нивоата на работните места на помошно – техничките лица се уредува со Правилник за систематизација на работните места, во согласност со Законот и овој Статут.

## X. СОВЕТ НА СТАНАРИ

**Член 60**

(1) Секоја посебна организациона единица на Домот има свој посебен Совет на станари, чии членови се избираат од редот на студентите станари во домот – населбата.

(2) Мандатот на членовите во Советот на станари на посебните организациони единици во Домот трае една година со можност за повторен избор за само уште еден мандат.

**Член 61**

(1) Број на членови во посебните Совети на станари е различен во зависност од бројот на студентите - станари во посебната организациона единица на Домот и тоа:

1) Во Студентски дом „Кузман Јосифовски Питу" – Скопје, Советот на станари има 11 членови.

2) Во Студентски дом „Гоце Делчев"- Скопје, Советот на станари има 15 членови.

3) Во Студентски дом „Невена Ѓорѓиева Дуња"- Скопје, Советот на станари има 9 членови.

4) Во Студентска населба „Стив Наумов"- Скопје, Советот на станари има 13 членови.

**Член 62**

(1) Советот на станари на Домот е составен од претставници од посебните Совети на станари од секоја организациона единица и се состои од седум членови и тоа: два члена од Советот на станари на Студенски дом „Кузман Јосифовски Питу"- Скопје, три члена од Советот на станари на Студентски дом „Гоце Делчев" - Скопје, по еден член од Студентски дом „Невена Ѓорѓиева Дуња" - Скопје и Студентска населба „Стив Наумов" - Скопје, за време од една година и никој не може да биде избран повеќе од два пати.

(2) Членовите од своите редови, по пат на гласање избираат претседател на Советот на станари.

**Член 63**

(1) Изборот на членови на Советот на станари се спроведува и се врши согласно Правилник донесен од Управен одбор на Домот.

**Член 64**

(1) Советот на станари на Домот ги врши следниве работи:

- разгледува прашања и дава мислење за подобрување на животот и работата на студентите во студентскиот дом;
- номинира и разрешува претставник од своите редови во Управниот одбор на Домот;
- соработува со Директорот и со други вработени во Домот и
- врши други работи од интересот за престојот на студентите во домот.

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА ВО ДОМОТ

**Член 65**

(1) Средства за финансирање на Домот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија согласно Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија, како и од корисниците на услуги.

**Член 66**

(1) Домот може да стекнува средства и од:

- партиципација на корисниците на услуги;
- продажба на производи и услуги кои се резултат на вршење на дополнителна дејност и
- легати, донации, завештанија и други извори.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член ќе се користат согласно со финансискиот план на Домот.

## XII. НАДЗОР

**Член 67**

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој Статут и прописите донесени врз основа на овој Статут врши Министерството.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој Статут и актите донесени врз основа на Закон врши Државниот просветен инспекторат, согласно со Закон.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 68

(1) За одделни прашања што не се уредени со овој Статут, ќе се уредат согласно Законот за студентскиот стандард и врз основа на тој Закон донесени правилници, одлуки, упатства, решенија и други акти, донесени од страна на органите на управување на Државниот студентски дом „Скопје" - Скопје.

### Член 69

(1) Измени и дополнувања на Статутот се вршат по постапка како за неговото донесување.

### Член 70

(1) Општите акти на Домот ќе се усогласат со овој Статут во рок од шест месеци од неговото влегување во сила.

(2) Подзаконските акти утврдени со овој Статут ќе се донесат во рок од три месеци од неговото влегување во сила.

### Член 71

(1) Со влегувањето во сила на овој Статут престанува да важи Статутот на Државен студентски дом „Скопје" - Скопје бр.02-2195/5 од 18.12.2015 година одобрен со Решение Уп1 бр.20-3194 од 02.02.2016 година на Министерството за образование и наука на Република Македонија.

### Член 72

(1) Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добивањето на согласност од Министерството.

Скопје, 30.12.2019 година

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**
**Игор Гошевски**